# СОВРЕМЕНА БУРГОЊСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ ЈУНИ 1962

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ
Сиг.
Инв. бр. 11
Стр.
Цена

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА

*во Скопје со големо задоволство ја организира изложбата*

СОВРЕМЕНА БУРГОЊСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

*што ни ја презентира Одделот за уметност на Бургоњскиот комитет на градот Дижон.*

*Според планот за развивање на пријателството помеѓу градот Скопје и градот Дижон предвидени се покрај останатите и бројни културно-уметнички манифестации. Оваа изложба на дижонските ликовни уметници е една од првите манифестации за културно-уметничката размена што ќе се одвива во блиска и подалечна иднина. Ликовната уметност дава можност пошироко и за покусо време да се запознае една од културно-уметничките дејности на некој град, област или земја. Од друга страна нашата публика, во најширок смисол, ќе има прилика преку оваа изложба да го запознае ликовното творештво на дижонските уметници, односно градот Дижон, што е и основната цел на сите акции за зближувањето на двата града.*

## *К А Т А Л О Г*

*ПЈЕР БАЛА* — сликар — роден во 1939 г. По завршувањето на гимназија ги следи часовите по литографија во Бон. Покрај литографија слика со масло и акварел. Во своите дела ја открива Бургундија со извонредна пластичност и необично жив колорит. Во своите литографии се инспирира од делата на Федерико Гарсија Лорка, но исто така присутна е и неговата индивидуална творечка нота.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Село во рушевини | 50 x 65 | 1961 г. |
| 2. | Селце во Прованса | ,, ,, | ,, ,, |
| 3. | Куќичка во поле | ,, ,, | ,, ,, |
| 4. | Мојата кујна | ,, ,, | ,, ,, |
| 5. | Сина соба | ,, ,, | ,, ,, |
| 6. | Зимски ден | ,, ,, | ,, ,, |
| 7. | Долина во ноќта | ,, ,, | ,, ,, |
| 8. | Обработена котлина | ,, ,, | ,, ,, |
| 9. | Две куќи на едно ридче | ,, ,, | ,, ,, |
| 10. | Кромид | ,, ,, | ,, ,, |

*АНДРЕ ДАРБОН* — сликар — роден 1921 во Блетеран, во областа на Јура. Студирал книжевност и режија, учествувал како соработник во Француската телевизија. По тешко боледување се повлеуква во еден манастир во Дижон 1953 г. каде што и денес живее за своето сликарство.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Автопортрет | масло | 81 x 54 | 1959 г. |
| 12. | Две сестри | ,, | 92 x 65 | 1960 г. |
| 13. | Во кујна | ,, | 73 x 60 | 1959 г. |
| 14. | Дијалог | ,, | ,, ,, | ,, |
| 15. | Толедо | ,, | ,, ,, | ,, |
| 16. | Цвеќе на маса | ,, | 73 x 54 | 1960 г. |
| 17. | Страдање | ,, | 65 x 54 | 1956 г. |

*АЛФИЕРИ ГАРДОНЕ* — вајар — роден во Бургундија 1934 г. Многу рано го привлекуваат формите и волуменот затоа и дипломира на одделот за декорација и керамика. 1950 год. излага своја прва керамика, а потоа патот го води во чиста скулптура. Не оставајќи ја својата керамика двете дејности се присутни во неговото дело. Излага во Франција и во странство. Во последно време својата скулптура ја изведува во камен и бронза.

18. Зора — дрво
19. Надеж — ,,
20. Ранета птица — ,,
21. Купа бр. 1
22. Купа бр. 2
23. Керамика бр. 1
24. Керамика бр. 2
25. Керамика бр. 3
26. Керамика бр. 4

*ПОЛ ЖОЛИ — ДЕЛВАЛА* — сликар — со многубројните етапи на своето студирање во Париз истовремено ни ја покажува и разновидноста на својата уметничка дејност. По применетата уметност, го привлекува декорацијата, а потоа архитектурата. И кога станува професор, најпрвин во Дол и Шалон на Сена, а денес во Дижон, ја задоволува својата уметничка љубопитност со цртање на намештај, скици за ткаенини, картони за таписерии, керамика, ковано железо и како најважно сликање со масло и акварел.

27. Бретања — масло
28. Роскоф ноќе — ,,
29. Фарма — ,,

30. Рибарско пристаниште на Атлантик ,,
31 Палма во Шпанија ,,

*МАРСЕЛ ЛАПИЕР* — сликар — роден 1935 г. Речиси поет во своето сликарство ја меша природата интимно со личностите и блиски и далечни, со меланхолија својствена на извонредно чувствителен уметник.

| | | |
|---|---|---|
| 32. Дрво | 81 x 54 | 1958 г. |
| 33. Есен | 55 x 46 | 1960 г. |
| 34. Пристаниште | 55 x 38 | 1961 г. |
| 35. Страдање и Евангелисти | 55 x 33 | 1961 г. |
| 36. Снег | 46 x 33 | 1962 г. |
| 37. Тајна вечера | 100 x 73 | 1961 г. |
| 38. Пејзаж | 65 x 50 | 1961 г. |

*ЛИСИЕН МАРТИНЕ* — сликар — роден во Женева. Излагал самостојно во Париз, Хавр, Дижон, Невер, на Бијенале во Мантон 1953 г. Одликуван од Националното друштво за уметност. Делата му се наоѓаат во државните установи и во музејот во Дижон, како и во разни приватни француски и американски колекции.

| | |
|---|---|
| 39. Снег | 61 x 50 |
| 40. Зимски дожд | 61 x 50 |
| 41. Железничката станица во Тријаж | 55 x 46 |
| 42. Трска | 55 x 46 |

*АНДРЕ ПАТЕ* — сликар — роден покрај Дижон 1904 година во една занаетчиска фамилија. Уште како мал држел в раце челична жица и агломер. Како сликар не припаѓа на ниедна школа, не е љубоморен на никого — со своето сликарство сака единствено да му при-

реди пријатност на гледачот во иста мерка каква што ја чувствува тој кога ги слика своите дела. Самостојни изложби: „Симфонија на трудот“ во Дижон 1957 година, „Слобода на акварелот“ во Париз 1958 година итн. Сликите му се наоѓаат во државните институции и во дижонскиот музеј.

| | | |
|---|---|---|
| 43. Портрет на сликарот Пјер Бала | 70 x 63 | 1961 г. |
| 44. Акт | 70 x 60 | 1961 г. |
| 45. Анемони | 70 x 60 | 1961 г. |
| 46. Кајчиња | 77 x 65 | 1961 г. |
| 47. Лозје | 77 x 63 | 1961 г. |
| 48. Снег во Бургундија | 70 x 65 | 1962 г. |
| 49. Прованса | 73 x 63 | 1961 г. |
| 50. Голем син акт | 96 x 70 | 1962 г. |
| 51. Цвеќе | 96 x 70 | 1962 г. |
| 52. Цвеќе | 96 x 70 | 1962 г. |

*ЖАК ЈЕНСЕС* — вајар — син на Овид медаљер и Марија Јенсес сликар. Роден е 1902 година во Дижон. Во своите дела се враќа на рустични форми и примитивни цивилизации. Интензивно се бави со конзервација на културните споменици во Дижон. Работи многу портрети, бисти — во камен, бронза, и теракота.

53. Женска биста
54. Вивиан
55. Нани

*ЖАН РЕНО* — сликар — Тој вели за сликите дека треба тие повеќе да развиваат апетит кај гледачот од колку да го задоволуваат; критиката и проблемите треба да разбудуваат љубопитност, а со тоа да се победат старите

СКОПЈЕ

конвенционалности. Што се однесува до самиот сликар тој треба да твори според своето задоволство, но никогаш не треба да се смета неговото последно дело како нешто дефинитивно. Излагал во Дижон, Париз, Гренобл, По, Шамбери, потоа на Бијенале во Мантон, групно во Кресие, Мајнц, Кобленц, Лион.

| | |
|---|---|
| 56. Студенти | 92 x 73 |
| 57. Девојка со палета | 92 x 73 |
| 58. Слепец | 92 x 73 |
| 59. Музичари | 92 x 73 |
| 60. Девојки со овошје | 92 x 73 |

*ЖЕНЕВИЕВ ЈЕНСЕС* — медаљер — родена е во Париз од белгиско потекло. Студирала во Дижон сликарство од 1919—1925 година. Денес професор по цртање. Автор е на многубројни портрети медаљи, слики и пастели. На ликовите особено инсистира на индивидуалноста.

| | |
|---|---|
| 61. Сликарот Андре Дарбон | бронза |
| 62. Сликарот Андре Дарбон | гипс |
| 63. Доктор Едуард Аргон | гипс |
| 64. Отец Лакордер | гипс |

*Е. Мацан*

Печатено во Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје